Врз основа на член 383, 460 и 460-а од Законот за трговски друштва и член 64 од Статутот на Жито Полог АД Тетово – Пречистен текст, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 22.05.2024 година со вкупно 25.109 гласови „ЗА„ што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделката , без 14.389 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува акционерот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје кој има својство на заинтересирана страна, ја донесе следната

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-118/18
22.05 2024 год.
Тетово

**ОДЛУКА**

**За одобрување на зделки со заинтересирана страна**

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, користење на услуги, аванси, кредити, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици, шпедиција, дистрибуција ) СЕ ОДОБРУВА Жито Полог АД – Тетово да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични видови на трансакции со ОРКА ХОЛДИНГ АД – Скопје и друштвата во кои ОРКА ХОЛДИНГ АД –Скопје се јавува како сопственик на удел и тоа: МОНТ ДООЕЛ - Скопје, КАРА ДООЕЛ- Скопје , ОРКА ХОТЕЛ ДООЕЛ – Скопје, БЕТОН ШТИП ДОО –Штип , КБ АЦИБАДЕМ СИСТИНА- Скопје, ПЗУ НЕФРОПЛУС- Кавадарци, О.К ХОТЕЛ ДООЕЛ – Скопје , ОК РЕСТОРАНС & БАРС ДООЕЛ -Скопје, Фондација Илија Камчев – Скопје, СОФИЈА ГРАДБА ДОО – Скопје.

Вредноста на секоја од погоренаведените зделки поединечно или кумулативно за период од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука до денот на одржување на следното годишно собрание нема да надминува 53.885.000 денари која вредност изнесува 9,9 % од од сметководствената вредност на имотот на Жито ПологАД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2023 година.

**Член 2**

СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Одборот на директори , согласно Статутот на Жито Полог АД Тетово, да донесуваат поединечни одлуки за секоја од погоренаведените зделки, а Генералниот Извршен директор да ги преземе сите потребни дејства и да ги потпише договорите со страните наведени во член 1 од оваа одлука , заради реализација на зделките.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до: правен сектор, сектор за финансии и архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД ТЕТОВО